**СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**Бр.09-1748/1 од 17.04.2019 година**
С К О П Ј Е

**ДО**
**ЧЛЕНОВИТЕ НА СОВЕТОТ**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

Врз основа на член 58 став (1) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), донесувам

**Р Е Ш Е Н И Е**

Ја свикувам **Дваесет и третата** седница на Советот на Општина Гази Баба, за **24.04.2019 година (среда) со почеток во 11 часот**.

За работата на седницата го предлагам следниот:

**Д Н Е В Е Н   Р Е Д**

1. Расправа по Предлог - ДУП за градска четврт С 19 Блок 1, Општина Гази Баба - Скопје и спроведена постапка за повторна јавна анкета во просторијата на УЗ Маџари 2;
2. Расправа по информација од овластен градежен инспектор на Општина Гази Баба за бесправно изградениот објект кај "Електроелемент";
3. Предлог - Одлука за прифаќање на предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Гази Баба и Општина Чашка;
4. Предлог - Одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Гази Баба и Општина Чашка;
5. Предлог - Одлука за изменување на Одлуката за започнување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство, за давање на услуги на јавно осветлување кое се остварува како договор за јавна набавка на услуга;
6. Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за усвојување на тримесечниот финансиски извештај за работа и резултатите од работењето на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, за првото тримесечје од 2019 година;
7. Предлог - Буџетски календар за изготвување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2020 година;
8. Предлог - Акционен План за енергетска ефикасност на Општина Гази Баба за 2019 година; и
9. Предлог - Одлука за ослободување од плаќање на надоместокот за уредување на градежно земјиште, за изградба на објект со намена В4 - Орган на локална самоуправа на територија на Општина Гази Баба.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Бојковски, с.р.**